Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 30, 2 ноември 2009 година

ноември 2009 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А


**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научна област италијански јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област лозарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научна област овоштарство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 13

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник – асистент/помлад асистент за наставно-научна област турска книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 33

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Медицинска генетика“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по педијатрија за студенти на висока здравствена школа“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Педијатрија“ од проф. д-р Мирјана Ќаева-Пејковска, наменет за студентите на Факултетот за медицински науки, Висока здравствена школа, при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ПОМЛАД АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВО-НАУЧНА ОБЛАСТ ИТАЛИЈАНСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

На својата редовна седница, одржана на 10.8.2009 година, Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип нѐ избра за членови на Рецензентска комисија во врска со објавениот Конкурс за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент-асистент*** за наставно-научната област ***италијански јазик***.

По разгледувањето на приложениот материјал, го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во врска со распишаниот Конкурс, во дневниот весник „Дневник“, за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за наставно-научната област италијански јазик се пријавија следниве кандидатки: м-р Дијана Никодиновска, Анета Симовска, Ленче Василева, Тодорка Василева и Елена Зафировска.

***Биографски податоци - м-р Дијана Никодиновска***

Кандидатката **м-р Дијана Никодиновска** е родена во 1984 година, во Скопје. Основно образование завршува во Скопје, додека своето понатамошно школување го продолжува во Неапол (Италија), каде покрај италијанскиот јазик ги изучува и латинскиот, старогрчкиот и англискиот јазик. Во 2003 година се запишува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ на Групата за италијански јазик и книжевност, а како втор студиум го избира францускиот јазик и книжевност. Во 2007 година дипломира на истиот Факултет (со просечен успех **9,65)**.

Своето образование м-р Никодиновска со успех го продолжува на мастер студиите од II ниво по дидактика на италијанскиот јазик на Универзитетот „Тор Вергата“ во Рим и во јули 2009 година ги завршува предвидените испити (16) со успех и се стекнува со звање **магистер по дидактика на италијанскиот јазик**. Паралелно со ова кандидатката не останува настрана и од сопствената научна надградба, активно вклучувајќи се во повеќе семинари и студиски престои, при што се здобива со искуство на непосреден контакт со италијанскиот јазик, искуство кое не е само драгоцено, туку и неопходно за секој млад истражувач.

Истовремено, во 2005 година м-р Никодиновска ги прави првите чекори во наставната дејност, кога е ангажирана како професор по италијански јазик во Центарот за странски јазици во Скопје, за нивоата А1, А2 и Б1. Во учебната 2007-2008 година е ангажирана во Американската гимназија „НОВА“ во Скопје.

Во 2005 година м-р Никодиноска почнува да се стекнува и со преведувачко искуство, кога повеќе пати е ангажирана како консекутивен преведувач од македонски на италијански и француски јазик за потребите на Бизнис форумот организиран од Институтот за надворешна трговија на Италија, и во 2007 година е ангажирана како консекутивен преведувач за потребите на Проектот за обука на архитекти од Македонија (Бајон, Ангулем).

***Биографски податоци - Анета Симовска***

Кандидатката **Анета Симовска** е родена во 1973 година, во Скопје. Основно, средно и високо образование завршува во Скопје и се стекнува со звање **дипломиран професор по македонска книжевност и јужнословенски книжевности**. Во 2002 година се стекнува со доквалификација **- италијански јазик и книжевност - втор предмет Б**. Симоска во моментов е постдипломец на Групата за македонски јазик при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје и работи на својата магистерска теза. Симоска своето работно искуство го започнува во 1995 година како новинар во ТВ Сител, потоа во Радио Равел и во весникот „Интервју“. Анета Симовска во периодот од 2002 до 2006 година и од 2008 до 2009 година работи како лектор по македонски јазик на Универзитетот „Ориентале“ во Неапол, Италија.

***Биографски податоци - Елена Зафировска***

Кандидатката **Елена Зафировска** е родена во 1984 година, во Штип, каде завршува основно и средно образование. Во 2007 година ги завршува студиите на Групата за италијански јазик и книжевност (со просечен успех **8,80**) и се стекнува со стручен назив **дипломиран филолог по италијански јазик и книжевност - преведувачка насока**.

***Биографски податоци - Тодорка Василева***

Кандидатката **Тодорка Василева** е родена во 1981 година, во Кочани, каде завршува основно и средно образование. Во 2005 година ги завршува студиите на Групата за италијански јазик и книжевност (со просечен успех **7,82**) и се стекнува со стручен назив **дипломиран филолог по италијански јазик и книжевност - наставна насока**. Кандидатката своето наставно искуство го започнува како волонтер во сала за едукација во склоп на едно основно училиште во Италија (Болцано), во периодот од еден месец во 2001 година и два месеца во текот на 2004 година. Василева во моментов е вработена како професор во приватното училиште „Амичи“ во Берово и во Кочани.

***Биографски податоци - Ленче Василевска***

Кандидатката **Ленче Василевска** е родена во 1985 година, во Кочани, каде завршува основно и средно образование. Во 2007 година ги завршува студиите на Групата за италијански јазик и книжевност (со просечен успех **7,90**) и се стекнува со стручен назив **дипломиран филолог по италијански јазик и книжевност - наставна насока**. Ленче Василева во моментов работи како професор во приватното училиште „Амичи“ во Берово и во Кочани.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на гореизложеното, Рецензентската комисија ги разгледа поднесните пријави во врска со објавениот Конкурс за избор на еден соработник во звање помлад асистент/асистент за наставно-научната област италијански јазик и во согласност со член 16 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ смета дека кандидатките: Анета Симовска, Ленче Василевска, Тодорка Василевска и Елена Зафировска не ги исполнуваат критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**Кандидатката м-р Дијана Никодиновска во целост ги исполнува критериумите и постапката за избор во наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“.** Комисијата оценува дека м-р Дијана Никодиновска е сериозна, трудољубива и надежна кандидатка, која со голем интерес ги следи модерните текови во наставата по италијански јазик. **Земајќи ја предвид нејзина севкупна активност и одличното познавање на италијанскиот јазик, Комисијата има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ да ја избере м-р Дијана Никодиновска во звање помлад асистент за наставно-научната област *италијански јазик*.**

**Рецензентска комисија**

**Доц. д-р Александра Саржоска, с.р.**
**Д-р Лучијана Гвидо Шремпф, виш лектор, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова, вонреден професор, с.р.**

**ТАБЕЛА**
**за вреднување на активностите на м-р Дијана Никодиновска, според критериумите дадени во Правилникот за избор на наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИСУ)** | | | |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| | | | **12** |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (САОР)** | | | |
| | 2 | 5 | 10 |
| | | | **10** |
| | | | |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | | | **22** |